# План за управување со животната средина и социјални работи

## - Контролна листа со мерки -

**Под-проект: Енергетска ефикасност за улично осветлување за општина Лозово**



Скопје, април 2023

## Содржина

**Дел 1. Мерки за ублажување на влијанијата врз животната средина и социјалните работи** .......................... 2

**Дел 2: Мониторинг план за следење на спроведувањето на мерките за ублажување на влијанијата** ...... 11

## Дел 1. Мерки за ублажување на влијанијата врз животната средина и социјалните работи

### Подготвителни и градежни работи за при замената на уличното осветлување со ЕЕ светилки во Општина Лозово

| АКТИВНОСТ | ПАРАМЕТАР | МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЈАТА | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ |
|---|---|---|---|
| **0**. Општи услови кои треба да се обезбедат во текот на подготвителната фаза | Безбедност на заедницата, Известувања и безбедност и здравје при работа на работниците | <u>**Мерки за безбедност и здравје при работа на локалното население:**</u><br>Населението кое живее во близина и кое ги користи предметните улици треба да биде известено за градежните работи преку соодветно воспоставен механизам на известување преку медиумите и/или на јавно достапни локации (вклучувајќи ја градежната локација, огласните табли во населеното место/Општинската огласна табла, интернет-страницата на општината https://www.opstinalozovo.gov.mk, социјалните мрежи, локалното радио и ТВ станица) за проектните активности на проектот – за почетокот и крајот со работа за секој ден и локацијата на активности, времетраењето на работата и одвивањето на сообраќајот со мала брзина на предметните улици); известување огласни табли со информации за локалното население/корисниците);<br>(b) Локалните градежни инспектори и инспекторите за заштита на животната средина од ***Општина Лозово***треба да бидат известени за проектните активности;<br>(c) За проектните активности треба да се обезбедат сите законски потребни дозволи;<br>(d) Подготовка на ***План за управување со сообраќајот*** (сообраќајниот режим на возилата на Изведувачот за време на градежните активности не смее да го блокира пристапот на корисниците)<br>• Обезбедување на соодветно обележување на градежната локација;<br>• Поставување на ленти за предупредување кои сигнализираат внимателно возење и движење од страна на пешаците.<br>(e) Целокупната работа треба да се изведува на безбеден и дисциплиниран начин со цел да се намали влијанието врз работниците, населението на проектната локација и врз животната средина.<br><u>**Мерки за безбедност и здравје при работа за работниците:**</u><br>(f) Подготовка, одобрување и имплементација на ***Елаборатот за безбедност и здравје при работа*** за градежната локација, вклучувајќи делови за *Безбедносни мерки за локалното население:*<br>(g) Примена на мерки за безбедност и здравје при работа за локалното население и работниците (прва помош, заштитна облека за работниците, соодветни машини и алати); | • Изведувачот ги подготвува плановите во комуникација со општината корисник<br>• Надзор<br>• Општински персонал (комунален инспектор/ градежен инспектор) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | (h) Работниците кои ќе бидат ангажирани треба да се придржуваат до меѓународно прифатените добри практики (секогаш ќе носат заштитни капи, маски и заштитни очила, гумени или пластифицирани заштитни ракавици за еднократна употреба, ремени и заштитни чевли);<br>(i) Следење на безбедносните упатства за складирање, транспорт и дистрибуција на опасниот отпад (стари светилки) со цел да се намали ризикот од потенцијална злоупотреба, излевање и случајна изложеност на луѓето (посебен дел за опасен отпад е изработен под точка „Е“);<br>(j) Со опремата треба да ракува само искусен и обучен персонал со што се намалува ризикот од несреќи;<br>(k) Исклучување на електричната инсталација при отстранувањето на светилките за да се избегне ризикот од фатален електричен шок;<br>(l) После отстранувањето на сијалицата од фасонката, отстранетата светилка мора веднаш да се стави во цврста кутија или контејнер за да се заштити од кршење бидејќи во внатрешноста на сијалицата има опасен гас;<br>(m) Соодветната кутија за отстранување мора да биде доволно цврста за да ги заштити светилките од кршење додека се во самата кутија или за време на транспортот до складиштето;<br>(n) Ако сијалицата се скрши, операторот мора да носи гумени / ракавици изработени од латекс за да ги собере скршените парчиња од сијалицата со помош на две парчиња цврста хартија бидејќи скршените стакленца се многу остри;<br>(o) Операторот мора да го избрише местото каде се скршила сијалицата со влажно марамче кое потоа се фрла, да ги собере сите скршени стаклена од сијалицата и остатоците од правот;<br>(p) Скршеното стакло и остатоците од стакленцата треба да се ставаат во пластична кеса заедно со употребените ракавици и целиот отпад од сијалицата. Пластичната кеса треба да биде запечатена и ставена во друга хартиена кеса или кутија со што би се заштитила пластичната кеса од продупчување. Кутијата треба да се обележи како опасен отпад;<br>(q) Вклучување на процедура за итна прва помош при исекотини со стакло во случај некоја од светилките да се скрши при менувањето.<br>**<u>Спроведување на предлог мерките за заштита од Ковид 19 донесени согласно важечката одлука на Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за заразни болести и Министерството за здравство (доколку има примена):</u>**<br>(r) Да се биде во тек со најновите упатства /препораки објавени од официјалните власти;<br>(s) Назначување на едно лице од страна на Изведувачот кое ќе биде одговорно за следење на мерките усвоени од страна на Владата и кое ќе ги применува во текот на градежните активности на локацијата; | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Државен санитарен и здравствен инспектор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | (t) Да се обезбеди спроведување на сите потребни услови со обезбедување на потребната заштитна лична опрема за сите работници на лице место според предложените мерки: водење евиденција за случаите со КОВИД 19, поддршка на работниците кои се во карантин и редовно информирање на официјалните институции за евидентираните лица;<br>(u) Спроведувањето на мерките за КОВИД - 19 кои се поврзани со безбедност и здравје при работа за време на пандемија со КОВИД – 19 се дадени на сајтот: koronavirus.gov.mk;<br>**<u>Мерки за заштита од пожар:</u>**<br>(v) Треба да се обезбеди постојано присуство на уреди за гаснење на пожар во возилата со кои се превезуваат работниците и опремата во случај на пожар или друга штета. Нивната позиција треба да им се соопшти на работниците и истата видно да се означи. Нивото на противпожарна опрема мора да се процени преку типична проценка на ризикот. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Локален комунален инспектор |
| **0**. Општи услови кои треба да се обезбедат за време на подготвителната фаза | Превенција на несреќи | (a) Градежните машини и опремата треба да бидат во соодветна работна состојба;<br>(b) Проектната локација треба да има ***комплет за спречување на истекување на масла*** со што ќе се спречи понатамошно излевање;<br>(c) Противпожарните апарати треба да бидат во исправна состојба;<br>(d) Работната локација мора да биде заштитена со предупредувачка лента и мора да има поставен знак за внимателно возење со мала брзина. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Општински кадар (комунален инспектор /градежен инспектор) |
| | Работнички права | (a) Идентификација на бројот и видот на работници;<br>(b) Спроведување на информативна обука на работниците за безбедносните мерки и севкупните мерки за намалување на влијанието врз животната средина и социјалните работи;<br>(c) Спроведување на процедури со кои се потврдува дека работниците се способни за работа пред почетокот со работа, обрнувајќи посебно внимание на работниците со веќе утврдени здравствени проблеми или оние кои на друг начин може да бидат изложени на ризик. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Општински градежен инспектор<br>• Државен трудов инспектор |
| **А.**Активности за замена на светилки кај системот за улично осветлување | Квалитет на воздухот | (a) Употреба на заштитни маски за работниците за заштита од вдишување на гасови во случај на кршење на старите светилки;<br>(b) Возилата треба да се усогласат со релевантните стандарди за емисија со приложување на докази од производителот и сервисна книшка за редовно одржување;<br>(c) Потребни се докази за редовно одржување на возилата со цел да се намали можноста од истекување на моторните масла, емисии и дисперзија на загадувањето;<br>(d) Забрането е согорување на отпад на отворено. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Инспектор за животна средина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Бучава | (a) Употреба на соодветна и технички исправна опрема и механизација со поседување на Изјава за усогласеност за создавање бучава на отворен простор под 85 dB (A); Возилата кои се прекумерно бучни нема да се користат додека не се преземат мерки за нивна поправка.<br>(b) Нивото на бучава не треба да ги надминува пропишаните национални гранични вредности за нивото на бучава во животната средина – проектните локации се наоѓаат во области со **II** степен на заштита од бучава и област со **III** степен на заштита од бучава за општинаЛозово(во близина на магистралниот пат), што значи дека нивото на бучава не треба да надминува **45/55dB** соодветно во текот на ноќта и **55/60dB** соодветно во текот на вечерта и денот;<br>(c) Градежните работи треба да се изведуваат од **7.00 до 19.00** часот со цел да се намали вознемирувањето на локалните жители; Работни активности не се дозволени во текот на ноќните часови;<br>(d) Работниците мора да користат заштитни тампони при зголемено ниво на бучава, доколку има примена. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Комунален инспектор / Градежен инспектор |
| | Квалитет на вода и заштита на почвата | (a) Во случај на истекување на опасни материи, истото треба да се спречи и отстрани, потоа да се исчисти градежната локација и да се следат процедурите и мерките за управување со опасен отпад;<br>(b) Во случај на какво било истекување кои произлегува од градежните активности, со цел да се избегне контаминација на областа потребно е да се собере на лице место и да се стави во привремен контејнер за чување;<br>(c) Забрането е привремено или трајно одложување на било каков отпад во близина на водните текови; Забрането е да се врши сервисирање на возилатаи механизацијата на проектната локација;<br>(d) Да се спречи колку што е можно, истекување на нафта и други загадувачи во водата и на почвата;<br>(e) Строго е забрането привремено или конечно одлагање на отпадот во близина на/во воден тек со цел да се спречат можните негативни влијанија врз површинските води и речните текови. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Инспектор за животна средина |
| | | (a) Подготовка и спроведување на ***План за управување со отпад***; Мора да биде разгледан и одобрен од страна на Надзорниот орган;<br>(b) Може да се најде мала количина на цврст комунален отпад - пијалаци, храна, согласно националната легислатива за отпад (селекција на самото место, собирање и предавање во постоечките контејнери на општинското ЈКП, транспорт до крајната дестинација – општинска депонија.<br>(c) Различните видови отпад што би можеле да се создадат на проектните локации треба да | • Изведувач<br>• Надзор<br>• ЈКП на Општина Лозово за собирање и транспорт на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Управување со отпад | се идентификуваат и класифицираат според*Листата на видови на отпад (Службен весник бр. 100/05)* согласно предмер пресметката од Физибилити студијата;Демонтираните стари светилки се класифицираат според ***Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема*** („*Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 176/2021), категорија 3;*<br>(d) Со демонтираните стари светилки ќе се ракува согласно ***Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема***(„*Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 176/2021);*<br>(e) Со отпадот од пакување (хартиени кутии, пластични фолии и сл.) се постапува согласно ***Законот за управување со пакување и отпад од пакување***(„*Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/2021*);<br>(f) Само **овластени компании** за собирање на отпад ќе ги собираат и отстрануваат горенаведените специфични видови на отпад за кои е потребен ангажман на овластени компании за отпад;<br>(g) За предавање на отстранетите а **употребливи светилки** на општината, Изведувачот треба да направи соодветен евидентен лист со точен опис на секоја светилка и со записник да се предадат на претставници од општината. Општина Лозово. Општината пак, ќе обезбеди затворена просторија за чување на овие светилки во објактот на ЈКП „Лозово“ со строги услови како на пример: сува, термо-стабилна и светла просторија без влага; Полици и здрави кутии во кои ќе се чуваат светилките и ќе бидат затворени и соодветно означени; Евидентен лист за водење евиденција за животниот век на светилките; Клуч за влезната врата во просторијата, која пак ќе биде јасно обележана „електрична опрема“, и слично.<br>(h) Инертниот отпад, доколку се создаде, ќе се одвои на лице место од општиот, течниот и хемискиот отпад со селектирање во соодветни контејнери;<br>(i) Евиденцијата за испорака на отпадот до овластените компании, транспортот и конечното депонирање редовно ќе се ажурира и архивира како доказ за негово правилно управување;<br>(j) Употреба на ***Дневник за евиденција за постапување со отпадза светилките Е27***;<br>(k) Во текот на превозот материјалите треба да бидат покриени за да се избегне растурање на отпадот;<br>(l) Горење на демонтираниот отпад е забрането;<br>(m) Одржување на информативна сесија за работниците за селекција на отпадот пред изведбата на работите;<br>(n) За можниот опасен отпад (моторни масла, горива за возила) треба да се назначи овластена компанија за собирање на отпадот за негово правилно собирање и | цврст комунален отпад<br>• Општински кадар (комунален инспектор / инспектор за животна средина) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | отстранување. | |
| | Механизам за поплаки | (a) ЕСП во рамките на ПЕЕЈС како одговорна институција за спроведување на проектните активности ќе воспостави два вида на поплаки: Формулар за поплаки на работниците на изведувачот и Формулар за поплаки од општата јавност. Формуларите за поплаки ќе бидат достапни на локациите каде што ќе се одвиваат активностите, како и на веб-страницата на ПЕЕЈС и на општината. Можноста за користење на механизмите за поплаки ќе биде промовирана и преку локалните медиуми.<br>(b) Секој коментар/загриженост/поплака може да се достави до ПЕЕЈС on-line, вербално (лично или по телефон) или во писмена форма со пополнување на Формуларот за поплаки за проектот (со лична испорака, по пошта, факс или е-пошта до лицето за контакт од ПЕЕЈС). Лицата кои поднесуваат коментари или поплаки имаат право да бараат нивниот идентитет да биде заштитен. Поплаките може да се поднесуваат анонимно, иако во такви случаи, лицето нема да добие никаков одговор. На сите коментари и поплаки ќе се одговори или вербално или писмено, во согласност со посакуваниот метод на комуникација наведен од подносителот на жалбата, доколку се дадени контакт податоци за подносителот на жалбата.<br>(c) Подносителот на жалбата ќе биде информиран за предложената корективна активност и следењето на корективните мерки во рок од 15 календарски дена по добивањето на жалбата. Потврдата ќе се изврши во рок од 48 часа. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Социјален експерт од ПЕЕЈС |
| **C**. Индивидуален систем за третман на отпадни води | Квалитет на вода | (a) **Нема примена**<br>(b) Возилата на изведувачот за транспорт на работниците и опремата, вклучувајќи и механизацијата за подигање ќе се мијат само на точно одредени локации каде што истекувањето нема да ги загадува површинските водни текови. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Општинско одделение за комунални работи / Инспектор за животна средина |
| **D**. Историски градби | Културно наследство | (a) Системот за улично осветлување во Општина Лозово не е дел од одредена историска градба, не е блиску до таква градба, ниту се наоѓа во одредена историска област.<br>(b) Треба да се осигура дека се воспоставени одредби и работниците се запознаени со истите, во случај да се најдат артефакти или други можни „случајни пронајдоци“ кои може да се појават при ископувањето, при што истите треба да се евидентираат и забележат, соодветно да се зачуваат, да се контактираат одговорните службени лица и да се одложат или изменат работните активности поради овие пронајдоци согласно Законот за заштита на културното наследство. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Општинско одделение за комунални работи /Управа за заштита на културно наследство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **E.** Откуп на земјиште | План/Рамка за откуп на земјиште | (a) Доколку не се очекува откуп на земјиште, но се појавила потреба, или доколку дојде до загуба на пристапот до приход на легалните или нелегалните корисници на земјиштето, во тој случај веднаш ќе се консултира Тим лидерот од Банката.<br>(b) Одобрениот План/рамка за откуп на земјиште (доколку е потребно согласно проектот) ќе се спроведе. Да се обезбедат конкретни детали/информации за Планот/рамката. | Нема примена |
| **F.** Токсични материјали | Токсични / опасни материјали и управување со отпад | (a) Со демонтираните стари светилки ќе се ракува согласно ***Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпад од електрична и електронска опрема****(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 176/2021);*<br>(b) Привремено складирање на локацијата на сите опасни или токсични материи (вклучувајќи отпад) ќе биде во безбедни контејнери означени со детали за составот, својствата и информациите за ракување;<br>(c) Контејнерите со опасни материи, вклучително и отпад, мора да се чуваат затворени, освен кога се додаваат или отстрануваат материјали/отпад. Тие не смеат да се ракуваат, отвораат или складираат на начин што може да предизвика нивно истекување;<br>(d) Контејнерите кои содржат запаливи или реактивни отпадоци мора да бидат лоцирани на најмалку 15 метри оддалеченост од линијата на локацијата каде моментално се работи. Големи количини на гориво нема да се чуваат на локациите;<br>(e) Контејнерите со опасни материи треба да се стават во контејнер отпорен на истекување за да се спречи излевање и истекување. Овој контејнер ќе поседува секундарен систем за спречување како што се ленти (на пр. контејнер со лента), двојни ѕидови или слично. Секундарниот систем за спречување не смее да има пукнатини за да може да го задржи излевањето и брзо да се испразни;<br>(f) Електричниот отпад (старите светилки) не смее да се меша со друг инертен или комунален цврст отпад;<br>(g) Евентуалниот опасен отпад (моторни масла, горива за возила, масла) треба да се собира посебно и да се склучи под-договор со овластена компанија за транспорт и негово конечно депонирање;<br>(h) Опасниот отпад ќе се отстранува само на лиценцираната депонија „Дрисла“ или ќе се преработува во лиценцирани постројки за преработка. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Општински и државни инспектори за животна средина |
| **G**. Погодени шуми, мочуришта и/или заштитени подрачја | Заштита | (a) Ќе се направи премер и попис на големите дрвја во близина на градежните активности за замена на уличните светилки, истите ќе се означат и опкружат со ограда, ќе се заштити нивниот коренски систем и ќе се избегне било какво нивно оштетување; | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Општински и државни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | (b) Соседните заштитени области и потоци треба да бидат заштитени од истекувања од градежните локации, доколку се појават;<br><br>(c) По завршувањето со замената/монтажните активности, локациите треба да се вратат во првобитна состојба, а доколку тоа не е можно, истите ќе бидат соодветно рехабилитирани, како што е евидентирано во „Извештајот од ревизијата за животна средина пред изведбата“ подготвена од страна на ЕСП. | инспектори за животна средина |
| **I.** Безбедност во сообраќајот и на пешаците | Директни или индиректни опасности за јавниот сообраќај и пешаците од градежните активности | Градежните локации, вклучувајќи го и регулирањето на сообраќајот, ќе бидат соодветно обезбедени од страна на Изведувачот и планирани во рамките на ***Планот за управување со сообраќајот.*** Ова вклучува, но не се ограничува на следното:<br>(a) Корисниците на улиците од околните станбени куќи/згради треба навремено да се информираат за претстојните работи;<br>(b) Во случај кога сообраќајот околу проектните подрачја ќе биде прекинат, Изведувачот во соработка со Општина Лозово треба да организира алтернативен пристап;<br>(c) Поставување на знаци, предупредувачки ленти, бариери (вертикална сигнализација и знаци на градежната локација): локалното население треба да биде предупредено за потенцијалните опасности;<br>(d) Треба да се обезбедат соодветни предупредувачки ленти и знаци и да се постават околу електричниот столб пред започнувањето со замената на светилките;<br>(e) Забранет влез на невработени лица во рамки на оградениот простор;<br>(f) Да се осигура безбедност за пешаците. Посебен фокус треба да се обрати на безбедноста на локалното население доколку проектните активности се одвиваат во работно време на населението;<br>(g) Приспособување на работното време во согласност со начинот на кој се одвива локалниот сообраќај, на пр. избегнување поголеми транспортни активности за време на сообраќаен метеж или време на дотур на роба, посебно во урбаниот дел од градот. | • Изведувач<br>• Надзор<br>• Општински и државни градежни инспектори |

## Оперативна фаза за уличното осветлување со заменети ЕЕ светилки во Општина Лозово

| МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЈАТА | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ |
|---|---|
| (a) Список за евиденција за секоја заменета светилка која треба да ја предаде Изведувачот. Овој список содржи детали како што се: тип на светилка, загарантирани работни часови, датум на поставување и почеток со работа, моќност и други технички спецификации, како и информации/план за следење на нејзините перформанси.<br>- Да се осигура дека енергетските сертификати за заменетите светилки се соодветно внесени во Евидентниот список.<br>(b) Достапен Прирачник за користење/одржување на заменетите светилки<br>- Да се осигура дека општинскиот кадар е информиран и обучен за мерките за ЕЕ и за користење /одржување на светилките<br>(c) План за следење на заштедата на енергијата на дневно, месечно и годишно ниво<br>(d) План за управување со електричен отпад достапен за општината и склучени соодветни договори со овластени компании за собирање, транспорт и депонирање/конечно постапување. | • Изведувачот ги подготвува плановите во комуникација со општината<br>Да биде одобрен од:<br>• Надзор<br>• Општина и претставници на одборот на корисници<br>• ЕСП ПЕЕЈС |

## Дел 2: Мониторинг план за следење на спроведувањето на мерките за ублажување на влијанијата

| **Кој** *параметар треба да се следи?* | **Каде** *треба да се следи тој параметар?* | **Како** *треба да се следи тој параметар (што треба да се следи и како)?* | **Кога** *треба да се следи тој параметар (време и фреквенција)?* | **Од кого** *треба да се следи тој параметар – (одговорно лице)?* | **Колкав** *е трошокот поврзан со спроведувањето на следењето?* |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подготвителна фаза за замена на уличното осветлување со ЕЕ светилки во Општина Лозово** | | | | | |
| **0. Општи услови** Безбедност на заедницата и мерки за безбедност и здравје при работа за работниците | На локацијата<br>Проверка на дневните листи за усогласеност наИзведувачот | Се проверува дали има јавно известување кое содржи информации за инвеститорот, изведувачот и надзорот, достапноста на сандачето за жалби и поплаки и информираноста на Одборот на корисници<br>Се проверува дали оградувањето и обележувањето на локациите е соодветно направено за да се спречат здравствени и безбедносни ризици - механички повреди | Пред почеток на градежните работи<br>Постојано, на почетокот на секој работен ден од страна на одговорно лице на Изведувачот | НадзорПретставник од општината | Општина<br>Буџет на изведувачот Општина |
| **0. Општи услови** Обезбедување на сите потребни дозволи и планови | Кај администрацијата од **Општина Лозово** | Проверка на сите потребни дозволи и документи: План за управување со сообраќај, Елаборат за здравје и безбедност при работа и План за управување со отпад<br>За овој конкретен проект се склучуваат договори со овластени компании за управување со електричен отпад и отпад од пакување | Пред почеток на градежните работи | Надзор Претставник од општината | Буџет на изведувачот |
| **0. Општи услови** Превенција на несреќи | На локацијата | Се проверува дали има комплети за истекување, противпожарни апарати, дали возилата и опремата се во работна состојба и дали работниците имаат соодветна лична заштитна облека на проектните локации каде што се врши замена на светилките | Пред почеток наградежните работи | Надзор Претставник од општината | Буџет на изведувачот |
| **0. Општи услови** Работни односи | На локацијата / Документација на изведувачот | Се обезбедуваат сите потребни мерки за работниците да можат да ја извршуваат својата работа<br>Се проверува дали работниците се информирани за шемата за движење, создавањето бучава и ракувањето со отстранетите светилки во текот на работата<br>Се проверува дали е достапен интерен механизам за | Пред почеток на градежните работи | Надзор Претставник од општината | Буџет на изведувачот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | поплаки за работниците | | | |
| **Замена на старите светилки со ЕЕ светилки во Општина Лозово** | | | | | |
| **A. Активности за замена на светилките од системот за улично осветлување**<br>Емисии во воздухот и квалитет на воздухот | На и околу локацијата | Со мерење на концентрација на издувни гасови во воздухот во случај на поплаки од жителите/корисниците | По жалба | Акредитирана лабораторија / Надзор; Изведувач; | Буџет на изведувачот |
| **A. Општи услови**<br><br>Нарушување од бучавата | На локацијата | Мерење на нивоата на бучава треба да се изврши во случај на поплаки од жителите и негативни наоди од надзорниот инженер / инспекторот за животна средина | По жалба | Акредитирана компанија за мерење на нивото на бучава обезбедена од Изведувачот; Овластен инспектор за животна средина | Дел од редовните трошоци на Изведувачот |
| **A. Општи услови**<br><br>Квалитет на вода и заштита на почвата | На локацијата / Документација на изведувачот | Со проверка на искористеноста и испуштањето на водата на Изведувачот на проектната локација | На почетокот на работите, потоа неделно | Изведувач, Надзор, Овластен инспектор за животна средина, ЕСП ПЕЕЈС | Општина |
| **A. Општи услови**<br><br>Управување со отпад | Визуелни проверки на локацијата / Документација на Изведувачот | Преглед на документацијата – идентификација на типот на отпад според Листата за отпад, доказници за депонираните количини отпад, доказници за достава на количини на електричен/отпад од пакување до овластена компанија за соодветно управување со отпадот;<br><br>Со визуелна проверка, управување со инертниот/цврстиот отпад на локацијата (достапност на контејнери, чистење, итн.) | На почетокот на работите, потоа периодично и на крајот | Изведувач, Надзор, Овластен инспектор за животна средина/комунален инспектор од општината<br>ЕСП ПЕЕЈС | Буџет на изведувачот<br><br>Општина |
| **A. Општи услови** | Визуелни проверки на локацијата / | Со проверка на достапноста на:<br>- Формуларот за поплаки на работниците на изведувачот и | На почетокот на работите, потоа периодично и на | Изведувач, Надзор, Општина **Лозово** | Буџет на изведувачот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Механизам за поплаки | Документација на изведувачот и корисникот | - Формуларот за поплаки од општата јавност.<br>Со проверка на ефикасноста и ефективноста на одговорите на поплаките | крајот | ЕСП ПЕЕЈС | Општина |
| **D. Историска(и) зграда(и)** | Проверки на документацијата на ЕСП ПЕЕЈС и на Општина **Лозово** | Со проверка објектот да не е наведен во националната листа на заштитени / означени / заштитени историски / културни објекти<br>Со проверка дали проект-менаџерот на изведувачот е информиран и свесен за процедурата при „случајни пронајдоци“ | Пред почетокот со работите и на крајот | Изведувач, Надзор, Претставници од Општина **Лозово**/ ЕСП ПЕЕЈС | Општина |
| **F. Токсични/опасни материјали**<br><br>Управување со опасен отпад (вклучувајќи електричен отпад) | Визуелна проценка на локацијата (контејнери за опасен/електричен отпад и документација) | - Со проверка дали работниците се обучени и опремени за демонтажа и ракување со Hg, Na и Fluo светилки; дали локацијата е соодветно заштитена<br>- Правилното ракување и привременото складирање се проверуваат според Дневникот за евиденција за постапување со отпад<br>-Визуелна проверка и преглед на документи во однос на: (1) соодветно собирање и времено складирање на електричен отпад, (2) соодветно предавање на овластена компанија за транспорт и управување | Континуирано, кога ќе се отстранат остатоците | ЕСП ПЕЕЈС<br>Изведувач<br>Надзор<br>Општина **Лозово** | Дел од редовните трошоци на Изведувачот<br><br>Општина |
| **G.Заштита на природата** | Во населените места околу столбовите со светилките | Визуелни проверки на заштитата и грижата за дрвјата | Периодично | Изведувач, Надзор, Општина **Лозово п**<br>ЕСП ПЕЕЈС | Буџет на изведувачот<br>Општина |
| **I. Безбедност на сообраќајот и пешаците**<br>Директна или индиректна опасност за јавниот сообраќај и пешаците | На локацијата | Со проверка на документацијата:<br>- Дали Планот за управување со сообраќајот е одобрен<br><br>Визуелна проверка дали се имплементирани заштитните/безбедносните мерки кај секоја замена на столб/сијалица. | Континуирано | Изведувач, Надзор, Општина **Лозово** | Буџет на изведувачот<br>Општина |